SETTIMANA DELLA LINGUA ITALIANA NEL MONDO
Sotto l'Alto Patronato del Presidente della Repubblica Italiana

Ambasciata d'Italia
Skopje

DANTE 700 nel Mondo

# XXI НЕДЕЛА НА ИТАЛИЈАНСКИОТ ЈАЗИК ВО СВЕТОТ

## "Данте, Италијанецот"

## ПРОГРАМА

**Четврток 7 октомври**

**Национална филхармонија** **20.00 часот**

*Данте 700*, инаугурација на комеморациите во чест на Данте со отворањето на концертната сезона на Филхармонијата на Северна Македонија. Диригент: Габриел Бебешелеа, солист Симон Трпчески (пијано).
Во соработка со Амбасадата на Италија

**Понеделник 18 Октомври** **12.00 часот**

**Отворање на XXI-та Недела на италијанскиот јазик во светот:**
***Патување во дантеовата Италија***, онлајн семинар на проф. Џулио Ферони. Во организација на Амбасадата на Италија и Катедрата за италијански јазик и литература (УКИМ).
(**Онлајн настан** на платформата **Webex** / за учество, побарајте акредитиви за најава на: italyinmkd@gmail.com)

**Вторник 19 Октомври**

**Национален археолошки музеј** **10.00 часот**

Отворање на изложбата ***Рафаело Опера Омнија*** - 14 портрети на големиот ренесансен сликар Рафаело Санцио. Изложбата ќе може да се посети секој ден, од вторник до недела, од 10.00 до 17.00 часот, заклучно со 20 декември 2021.
Во организација на Амбасадата на Италија, во соработка со Министерството за надворешни работи и меѓународна соработка на Италија, RaiCom и Националниот археолошки музеј на Република Северна Македонија.

**Кинотека на Република Северна Македонија** **20.00 часот**

Проекција на немиот филм ***Пекол*** (68 минути, 1911 год.), придружена со музика во живо од маестро Марио Маријани (пијано). Во режија на Франческо Бертолини, Џузепе Де Лигуоро и Адолфо Падован. Филмот е адаптација на првото пеење од „Божествената комедија“ на Данте Алигиери.

Организирано од Амбасадата на Италија, во соработка со Кинотеката на Република Северна Македонија.

**Четврток 21 Октомври**

**Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип**
**Филолошки факултет, Кампус 4** **12.00 часот**

Интеркултурен настан:
***Светот на Данте во колективната меморија - јазични и визуелни аспекти***

Теми:
1. Презентација на јазичната лабораторија на студентите на Катедрата за италијански јазик и литература насловена како ***Дантеовска фразеологија за секој ден***
Во организација на проф. Јована Караникиќ Јосимовска;
2. ***Сликата на Пеколот и Рајот во македонската културна традиција и во делото на Данте***, ќе зборува проф. Ана Витанова Рингачева;
3. ***Данте во контекст на светската класична литература***, говор на проф. Ева Ѓорѓиевска (презентација и учество во дискусијата со физичко присуство / онлајн на платформата Zoom (за да учествувате, побарајте акредитиви за пристап од nadica.markoska@ugd.edu.mk).

Изложби:
4. ***Деветте кругови од гледна точка на теренско истражување на тема Средновековна литература*** - изложба на фотографски репродукции со вовед од проф. Милена Ристова -Михајловска;
5. ***Божествената комедија како инспирација за уметничките вештини на децата*** (изложба и краток вовед). Со учество на Факултетот за ликовни уметности и занаети "Nuova Visione".
Во организација на проф. Анастасија Петрова и проф Милена Ристова -Михајловска и во соработка со *Еуроарт* Академијата – Штип

**Петок 22 Октомври** **12.00 часот**

Доделување награда на победникот на Конкурсот „**Данте 700**“ за креација на постер посветен на Данте, отворен за учениците од средно и високо образование; (пренос во живо на ФБ страницата на Амбасадата: https://www.facebook.com/ItalyinMKD/).

Албумот со 15 -те постери финалисти ќе биде објавен на фан страната на Амбасадата на ФБ. Организирано од страна на Институтот „Данте Алигиери“ од Скопје, во соработка со Факултетот за ликовни уметности – група графички дизајн (УКИМ).

**Петок 19 Ноември**

**Национална Опера и Балет (МОБ)** **20.00 часот**
**Затворање на комеморациите во чест на Данте:**
Лирска опера ″***Lapeggiamenti, amenità, querimonie et altri tremendi affetti nella nobilissima Florenzia*** " (либрето на Клаудио Салтарели и музика од Џо Скитино). Тенор Благој Нацоски, баритон Џанпјеро Руцери.
Организирано од страна на Амбасадата на Италија, во соработка со МОБ

---